УДК: 929Накичевиќ, О

# IN MEMORIAM
# ОМЕР НАКИЧЕВИЌ
## (1927–2024)



На 23 август 2024 година, на 97-годишна возраст почина босанско-херцеговачкиот професор и академик Омер Накичевиќ (Omer Nakičević), еден од најзначајните балкански ориенталисти и арабисти. Тој беше професор емеритус на Факултетот за исламски науки во Сараево и редовен член на Бошњачката академија на науки и уметности.

Омер Накичевиќ е роден на 2 јануари 1927 година во Теочак, Босна и Херцеговина. Основното образование го завршува во родното место, откаде продолжува со образованието во Бехрам-беговата медреса во Тузла и Гази Хусреф-беговата медреса во Сараево, каде што матурира во 1947 година. По завршувањето на медресата тој продолжува да студира ориенталистика на Филозофскиот факултет во Белград, каде што дипломира во 1962 година. Во 1968 година магистрира на факултетот за книжевност на Универзитетот во Каиро на тема: „Šejh Hasan Kafi Pruščak – pionir arapsko-islamskih znanosti u BiH”. Докторската дисертација со

наслов: „Arapsko-islamske znanosti u BiH i glavne škole od XV do XVII vijeka (Sarajevo, Mostar, Prusac)” успешно ја одбранил на Филолошкиот факултет во Белград во 1981 година.

Во својот животен век професорот Накичевиќ извршувал бројни работни ангажмани и функции. Бил преведувач и спикер на програмата на арапски јазик во РТВ Белград. Работел како професор по арапски јазик во Гази Хусреф-беговата медреса во Сараево. Ја извршувал функцијата шеф за заштита, обработка и истражување на архивската граѓа и ракописи на ориенталните јазици при Покраинскот архив во Приштина. Бил ангажиран во обработката на ракописите на ориенталните јазици во Гази Хусреф-беговата медреса во Сараево.

Академската кариера ја започнува во 1982 година на Факултетот за исламски науки во Сараево каде што бил професор емеритус на Катедрата за хадис. Во два наврати бил избиран за декан на факултетот. Бил предавач на Педагошката академија при универзитетот Џемал Бједиќ во Мостар, на Факултетот за исламски науки во Нови Пазар и Меѓународниот универзитет во Нови Пазар.

*Автор и уредник е на голем број на научни трудови и монографии, меѓу кои позначајни се следните: Protestni marš stanovnika Kosova*, Priština, 1969; *Hasan Kafi Pruščak – pionir arapsko-islamskih znanosti u BiH*, Sarajevo, 1977; *Arapsko islamske znanosti i glavne škole u BiH od XV-XVII* : (*Sarajevo, Mostar, Prusac*), Sarajevo, 1981; *Uvod u hadiske znanosti, Hadis I*, Sarajevo 1986; *Historijski razvoj institucije Rijaseta*, Sarajevo, 1996; *Historijski razvoj Fakulteta islamskih nauka* (*1887.-1998.*), Sarajevo, 1998; *Kur'anski belagat i njegov 'idžaz – nadnaravnost Kur'ana*, Sarajevo, 2000; *Karabeg*, Sarajevo, 2001; *Hafiz Seid Zenunović i njegov prijevod Kur'ana*, Sarajevo, 2002; *Teočak kroz protok vremen*a, Tuzla, 2010; *Muhamed Pašić, zaboravljeni direktor Šerijatske gimnazije*, Sarajevo, 2011; *Hafiz Omer Mušić, profesor* (*1903.-1972.*), Tešanj, 2012; *Protokol* (*defter*) *Gornjetuzlasnke nahije, 1873-1876*, Sarajevo, 2015; *U vrtlogu vremena* (*1927-2017*), Sarajevo, 2018 и други. Освен како автор, академик Омер Накичевиќ се јавува и како преведувач на бројни книги од арапски јазик.

Академик Омер Накичевиќ е добитник на голем број на награди и признанија за неговиот научен придонес од различни организации и институции, меѓу кои позначајни се: Признание од Бехрам-беговата медреса во Тузла на професорот Накичевиќ за афирмација на медресата; Признание од Fondacija Hasan ef. Škapur за заслуги и придонес во развојот на хадиските зналости, Тешањ, 2005; Благодарница од Универ-

зитетот во Кувајт за взаемната соработка во 2006 година; Плакета за посебен придонес и афирмација на Гази Хусреф-беговата медреса, Сараево, 2007; Награда за животно дело "Hasan Kaimija", Зворник, 2011; и многу други.

Универзитетот во Сараево му ја доделува титулата професор емеритус на Омер Накичевиќ во 2006 година, додека со титулата академик во Бошњачката академија на науки и уметности се стекнува со нејзиното основање во 2011 година.

Заминувањето на академик Накичевиќ претставува губиток за академската заедница, пријателите и учениците како во Босна и Херцеговина, така и во земјите во поранешна Југославија и Република Северна Македонија во која имаше бројни пријатели и студенти на кои им беше професор.

Нека почива во мир!

Неџад Мехмедовиќ
nedjadmehmedovikj@gmail.com